Ќе се реализира тридневна екскурзија со учениците од IX одделение , дводневна екскурзија со учениците од VI одделение и еднодневна екскурзија со учениците од III одделениево во мај и јуни , потоа 2 излети со сите ученици (во септември и мај) и повеќе посети на ниво на паралелки и секции.

На денот на училиштето 20 март и на денот на македонските просветители 24 мај ќе се реализираат посебни програми за одбележување на истите.

Измени во календарот за работа во текот на годината може да се случат во зависност од препораките на МОН.

# 8.2.Одделенско раководство

| **Реден број** | **Одделенски раководител** | **одделение** |
|---|---|---|
| 1. | Сашка Петреска | Iа |
| 2. | Мирјана Крлеска | Iб |
| 3. | Ирена Јанковска | IIа |
| 4 | Наташа Калајџиеска | IIб |
| 5. | Билјана Пулеска | IIIа |
| 6. | Гордана Цановска | IIIб |
| 7. | Елена Јорданов | IVа |
| 8. | Катерина Јаковческа | IVб |
| 9. | Ирена Богеска | Vа |
| 10. | Билјана Билбилоска Тодороска | Vб |
| 11. | Катерина Бошкоска | VIа |
| 12. | Петар Антонов | VIб |
| 13. | Никола Дафинчески | VIIа |
| 14. | Оливера Петкоска | VIIб |
| 15. | Маја Попоска | VIIIа |
| 16. | Катерина Најдеска | VIIIб |
| 17. | Снежана Стојаноска | IXа |
| 18. | Јадранка Китаноска | IXб |

## 8.3.Работа во смени

Училиштето работи во две смени претпладневна и попладневна.На секои две недели се менуваат учениците од одделенска и предметна настава.Претпладневната смена започнува во 7:45 , а попладне  во 13:30 часот за одделенска настава ,а во 13:15 за предметна настава.

## 8.4. Наставни јазици

Наставата во нашето училиште се изведува на македонски наставен јазик.Според националниот состав најголем број ученици се македонци 208 ,а помал број 20се египќани кои наставата исто така ја следат на македонски наставен јазик.

## 8.5.Проширена програма за прифаќање на учениците од Iдо IIIодделение за учебната 2023/2024година

Во основното училиште се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование.

Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

1. ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

*Цели и задачи на основното образование*

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, да усвојат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособат за нивна примена во животот и понатамошното образование, кај нив да се развие чувство на одговорност, за вистината и значењето на трудот на човекот, смисла за убавото, културните традиции и свест за припадност на Република Северна Македонија, почитување и исполнување на граѓанските права и обврски.

Целта на основното образование и воспитание се определува со следниве задачи:

- Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за понатамошно образование;
- Хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;
- Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо;
- Развивање на самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;
- Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;

- Развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;
- Вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби;
- Развивање на надереноста на учениците во различни области;
- Унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

## 1.1 КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

- Учебната година започнува на 1 септември 2023 година, а ќе заврши на 31 август 2024 година.
- Наставната година започнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 10 јуни 2024 година.
- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие.

Оваа учебна година првото полугодие започнува на 1 септември и завршува на 29 декември 2023 година.  Второто полугодие започнува на 17 јануари 2024 год. и завршува на 10 јуни 2024 год.

Зимскиот распуст започнува на 30 декември 2023 година и завршува на 16 јануари 2024 година. Летниот распуст започнува на 11 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година.

Воспитно – образовната работа за учениците се организира во текот на целата учебна година.

Во текот на наставната година училиштето треба да оствари 180 наставни денови.

## 1.2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Според насоките за планирање и организација на наставата во оваа учебна година доставени од Бирото за развој на образованието наставниците при планирањето, организацијата и изведувањето на наставата се придржуваат до соодветните наставни програми ( по предмети и одделенија ) и Законот за основно образование.

## 1.3. ВИДОВИ НАСТАВА

Наставата овозможува да се остварат основните образовни и воспитни активности со учениците во училиштето. Во наставниот процес учениците на најорганизиран начин се стекнуваат со систем на знаења и умеења, им се овозможува да ги развиваат индивидуалните способности, да усвојуваат и формираат ставови и вредности.

Наставата во училиштето се изведува преку наставни часови.Секој наставен час трае 40 минути, а истите по одделенија, паралелки и наставни предмети се утврдени со распоредот на часовите.

Во текот на работниот ден учениците изведуваат низа образовни и воспитни активности, се рекреираат, одмораат,

## 1.4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИОТ ДЕН

**1. Прифаќање на учениците 06:45 до 7: 45**

- -Средување на училницата
- -Полевање на цвеќињата
- Вежби за раздвижување
- -Подготовка на училишниот прибор

**2. Настава 7:45 до 12:25**

Часовите започнуваат во 07: 45 часот. За времетраењето на часовите учениците имаат еден голем одмор во траење од 20 минути и мали одмори во траење од 5 минути.

- Следење на редовна настава со задолжителните предмети

**3. Организирана рекреативна пауза 09:10 до 09:30**

- Голем одмор
- Рекреативно едукативни игри
- Слободно време

**4. Продолжен престој 12:30 до 13:30**

Слободните ученички активности и воннаставните активности со интересни и актуелни воспитно-образовни содржиниво своите програми ги мотивираат учениците помасовно да учествуваат во нив. Во слободните ученички активности учениците ги изразуваат своите афинитети и интереси за одредени области, за проширување на знаењата, развиваат подобри и поуспешни начини за меѓусебна соработка и дружење. Се поттикнува развој на креативноста и творештвото кај учениците со што се овозможува постигнување на подобри резултати во разни области и афирмација на учениците и училиштето.

- Активности произлезени од потребите на редовната настава ( вонннаставни и слободни ученички активности)

**5.Испраќање на учениците 13:30 до 14:00**

- Индивидуални средби со родители
- Средување на работното место

Во учебната 2023/2024 година на македонски наставен јазик од Iдо IIIодделение наставата ја реализираатследниве одделенски наставници:

| **Одделенски раководител** | **одделение** |
|---|---|
| Сашка Петреска | I а одд |
| Мирјана Крлеска | I б одд |
| Ирена Јанковска | II а одд |
| Наташа Калајџиеска | II б одд |
| Билјана Пулеска | IIIаодд |
| Гордана Цановска | III б одд |

Учениците ќе бидат примени во училиштето најмногу еден час пред започнување на редовната настава од страна на одговорен наставник за прием. Секој одделенски наставник ќе реализира содржини со своите ученици или со ученици чија што наставничка е одговорна за приемот на учениците во предвидениот работен ден. Наставниците кои се одговорни за прием на учениците ќе одлучат кај кој друг наставник ќе ги згрижат своите ученици додека трае приемот. Секој одделенски наставник самостојно ги испраќа своите ученици по завршувањето на проширената програма. За учениците од Iдо III одделение во рамките на проширената програма ќе се реализираат содржини од слободните активности, вонннаставните активности, општествено корисна работа, работа со компјутери, пишување на домашна работа и други активности според интересите и желбите на учениците. Иститe ќе се менуваат еднаш месечно.

| | **Работен ден** | **Пред почетокот на редовната настава** | **По завршување на редовната настава** |
|---|---|---|---|
| **1 РАБОТНА НЕДЕЛА ОД МЕСЕЦОТ** | | | |
| 1 | Понеделник | Работа со компјутери (едукативни игри) | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 2 | Вторник | Цртање или сликање (мотиви во | Пишување домашна работа или |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | корелација со наставните содржини или мотиви по избор на учениците) | повторување на новоизучените содржини |
| 3 | Среда | Пеење на песнички изучени за време на редовната настава | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 4 | Четврток | Учење на гатанки, брзозборки, поговорки | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 5 | Петок | Пеење и свирење со ДМИ на песни од детски фестивали | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| **2 РАБОТНА НЕДЕЛА ОД МЕСЕЦОТ** | | | |
| 1 | Понеделник | Уредување на катчиња во училницата | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 2 | Вторник | Интерпретација на бајки, басни и други текстови | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 3 | Среда | Математички игри | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 4 | Четврток | Забавно рекреативни игри | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 5 | Петок | Активности по желба на учениците | Активности по желба на учениците |
| **3 РАБОТНА НЕДЕЛА ОД МЕСЕЦОТ** | | | |
| 1 | Понеделник | Друштвени игри (по желба на учениците) | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 2 | Вторник | Уредување на училницата, засадување на цвеќиња | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | содржини |
| 3 | Среда | Читање детска литература | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 4 | Четврток | Следење на детски воспитни емисии | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 5 | Петок | Дополнување и обновување на катчињата во училницата | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| **4 РАБОТНА НЕДЕЛА ОД МЕСЕЦОТ** | | | |
| 1 | Понеделник | Работа со компјутери (едукативни игри) | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 2 | Вторник | Цртање или сликање (мотиви во корелација со наставните содржини или мотиви по избор на учениците) | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 3 | Среда | Пеење на песнички изучени за време на редовната настава | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |
| 4 | Четврток | Учење на гатанки, брзозборки, поговорки | Пишување домашна работа или повторување на новоизучените содржини |

# ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕВО

Програмата за антикорупција ќе ја реализира тим на наставници кои го сочинуваат:Ивана Илиеска Милошоски-наставник по Граѓанско обрзаование, Снежана Стојаноска наставник по македонски јазик, Жанета Стаиќ Митрески наставник по ликовно образование, Елена Јорданов и Катерина Јаковческа наставници во одделенска настава

| Време на реализација | Активности/теми цели | Начин на реализација | Учесници во реализацијата |
|---|---|---|---|
| Октомври, 2023 | Состанок на тимот, **разгледување на програмата** и избор на родители и ученици кои ќе земат активно учество за реализација на програмата | Разговор,анализа,договор | Членови на тимот |
| Декември, 2023 | **Спроведување анкета** за испитување на ставовите на учениците од VIII одделение за корупцијата | Анкетен прашалник, анализа | Наставник по Граѓанско образование<br>Ученици од VIII одделение |
| Според годишните планирања на наставниците за учебна 2023/ 2024г. | **Содржини во рамките на предметите Граѓанскообразование**во VIII и IX одделение и **Историја и општество** во IV одделение поврзани со темата непотизам,мито и корупција со цел учениците да знаат за облиците во кои може да се јават и начини на спречување на истите. Да го сватат штетното влијаниена корупцијата за општеството. | Разговор,анализа,power point prezentacija, играње улоги и тн. | Наставник по граѓанско образование Ивана Илиеска Милошоски,наставници од IV одделениеЕлена Јорданов, Катерина Јаковческа , ученици |
| Април,2024 | -**поим за антикорупциска комисија** | Содржини од граѓанско образование | Наставник по граѓанско образование<br>Ученици IX одделение |
| Април, 2024 | **Драматизација на тема „Мито и корупција”** | Подготовка на текст, играње улоги | Членови на драмска секција, наставник по македонски јазик |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мај, 2024<br><br>Јуни,2024 | **Интерен ликовен конкурс на тема: Антикорупција**<br><br>**Средба на членовите на тимот со цел евалуација** на спроведените активности согласно програмата и презентација на истите | Цртање,избор на најкреативен цртеж<br><br>Разговор,анализа,презентација на сработеното | Членови на ликовна секција , наставник по ликовно образование<br><br>Членови на тимот, ученици, наставници |

## НАСТАВНА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСТАВА

Иво оваа учебна година наставата ќе се организира според важечките планови и програми за оваа учебна година подготвени од БРО, а одобрени од МОН.

Задолжителната настава претставува најважна воспитно – образовна активност. Преку неа учениците се здобиваат со знаења, умеења и навики. За постигнување на солидни резултати наставниците ќе ја користат наставната техника што ја има училиштето на располагање, а ќе се настојува да се зголеми и нагледноста во одделенска и предметна настава од сосопствени средства,средства добиени од општината и средства од донации од невладини организации,преку изработени проекти.

Во текот на учебната година наставниците ќе применуваат активни наставни форми и методи , техники на работа и ИКТ со што наставата треба да биде поинтересна за учениците, кај нив треба да се развива креативноста. Добиените сознанија од посетените обуки и семинари наставниците ќе ги применуваат во текот на својата работа.

Наставата во нашето училиште ја изведуваат стручно оспособени наставници според одделенско часовен и предметен систем, според флексибилен распоред на часовите .

Како втор странски јазик во училиштето се изучува ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК, со застапеност од по 2 часа неделно по паралелка за учениците од VIдо IX одделение.

За редот и дисциплината при изведувањето на воспитно – образовната работа организирано е дежурство. Дежураат по двајца или тројца наставници во смена. Дежурствата почнуваат 30 минути пред да почне наставата, а завршуваат со завршување на последниот час во смената.

Учениците се прифаќаат 1 час пред почнување на наставата и 1 час по завршување на истата.Учениците во одделенска настава се ангажирани со 4 до 6 часа, а во предметна настава со 6 до 7 часа дневно. Наставниот час трае 40 минути.

Во одделенска настава наставата ја изведуваат одделенски наставници и тројца предметни наставници (по предметите: АНГЛИСКИ ЈАЗИК од I-V одделение, ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ и ПРИРОДНИ НАУКИво V одделение), додека во предметна настава целокупната наставата ја изведуваат наставници по предмети.

Наставата во претпладневната смена започнува во 07:45 часот а во попладневната смена во 13:30 за одделенска настава ,а во 13:15 за предметна настава.

Во училиштето оваа учебна година ќе се организира продолжен престој за заинтересираните ученици од одделенска настава во две групи со две наставнички .Проектот за продолжен престој и оваа учебна госина е подржан и финансиран од Општина Охрид.

## 8.6.Комбинирани паралелки

Во нашето училиште постојат само чисти паралелки од I-IX одделение 10 паралелки во одделенска настава од I-V одделение и 8 паралелки во предметна настава од VI-IX одделение, односно вкупно 18 паралелки. Во нашето училиште не се изведува настава во комбинирани паралелки.

## 8.7.Странски јазици кои се изучуваат во училиштето

Во училиштето се изучуваат два странски јазици :Англиски јазик како прв странски јазик кој го изучуваат учениците од I-IX одделение и Германски јазик како втор странски јазик кој го изучуваат учениците од VI-IX  одделение. Наставата по англиски јазик ја изведуваат двајца наставници : Марија Мицеска која изведува настава од VI-IX одделение, Јана Бојческа која изведува настава во одделенска настава воI-V одделение  и наставата по германски јазикод VI-IX одделение ја изведува наставничката Катерина Најдеска.

## 8.8. Реализација на наставата по ФЗО од I-V одделение.

Наставата по Физичко и здравствено образование од I-IV одделение ја реализира наставник  Елена Аслимовска, а во V одделение наставник по ФЗО ангажиран од општината Охрид.. Овие наставници наставата ќе ја реализираат во соработка со одделенските наставници од овие одделенија..Неделниот фонд на часови изнесува 3 часа по паралелка.

### 8.9 ИЗБОРНА НАСТАВА

Во учебната 2023/24 година, нашето училиште организира изборна настава по следниве предмети:

► Учениците од IV а, б одделение ќе ги изучуваат изборните предмети ОРИГАМИ(прво полугодие ) и РАКОМЕТ(второ полугодие)со застапеност од  2 часа неделно по паралелка

►Учениците од Vаб одделение ќе ги изучуваат изборните предмети МУЛТИКУЛТУРНИ РАБОТИЛНИЦИ (прво полугодие),КОШАРКА(второ полугодие)со застапеност од  2 часа неделно по паралелка

► Учениците од VIa и VI б одделение ќе ги изучуваат изборните предметиРелигии во светот(прво полугодие ) и Религиозно културно наследство(во второ полугодие)

► Учениците од VIIa иVIIб одделение  ќе го изучуваат изборниот предмет ПРОЕКТИ ОД ИНФОРМАТИКА, со застапеност од  2 часа неделно по паралелка.

► Учениците од VIIIа и VIIIб  одделение ќе го изучуваат предметот ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, со застапеност од по 2 часа неделнопо паралелка

► Учениците од IXа одделение ќе го изучуваат изборниот предметПРОГРАМИРАЊЕ, со застапеност од 2 часа неделно по паралелка., а учениците од IX б одделение ќе го изучуваат изборниот предмет НАШАТА ТАТКОВИНА исто така со 2 часа неделна застапеност.

Оцените што ќе ги добијат учениците по овие наставни предмети влегуваат во просечниот општ успех на ученикот.

## 8.10. ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Овој вид настава има за цел да се дополнат празнините во знаењата кај учениците, кои било од кои причини заостануваат во совладувањето на наставните содржини. Изборот на ученици за следење на овој вид настава го вршат наставниците. Секој наставник ќе изработи програма за работа и распоред за часовите за дополнителна настава, што ќе биде дел од годишната програма и истакнат на видно место во наставничката канцеларија. Овој вид настава се евидентира наставниците ги евидентираат во посебни евидентни листови каде ги бележат датумот на реализација на дополнителната настава,содржината што се обработува тој ден и присутни ученици.На крај на учебна година овие листови се заведуваат со архивски број кој се евидентира во одделенските дневници.

Со дополнителна настава ќе се започне тогаш кога наставникот ќе процени дека има потреба, т.е. дека на ученикот му требаат дополнителни часови по одреден предмет, за да го усвои оној наставен материјал што го пропуштил и не го усвоил во текот на редовната настава. Со дополнителната настава ќе се престане тогаш кога ученикот ќе успее да го надомести она што го пропуштил. Родителите ќе бидат известени дека нивните деца ќе следат дополнителна настава и притоа ќе бидат запознаени со целите на истата. Во исто време од родителите ќе се побара помош во отстранувањето на причините кои довеле до пропусти во знаењето на нивните деца.

Дополнителната настава ќе се изведува индивидуално, групно во двојки или микрогрупи, во зависност од проценката на наставникот. Организирањето на дополнителната настава има крајна цел завршување на одделението и вклучување на ученикот во погорното одделение. Дополнителна настава ке се изведува 1 час неделно со учениците одII - IX одделение.

За учениците кои ќе покажат недоволен успех по еден или два наставни предмети, на крајот од учебната година ќе биде организирана дополнителна настава во траење од 5 дена. Учениците кои нема да постигнат успех со посетата на овие дополнителни часови, ќе бидат упатени на поправен испит во месец август.

## 8.11.ДОДАТНА НАСТАВА

Меѓу учениците од нашето училиште има и такви кои поседуваат одреден талент или дарба во некоја област, потоа ученици со повисоки интелектуални способности и поголем интерес за учење. За нив училиштето и оваа учебна година ќе организира додатна настава.

Идентификацијата на ученици кои ќе следат додатна настава ќе го изврши психологот во училиштето во соработка со одделенските и предметните наставници, како и со родителите. Во паралелките од II до IX одделение ќе се реализира по 1 час неделно односно 36 часа годишно додатна настава по паралелка. Според најавениот личен интерес на учениците и нивните афинитети кон учењето, мислењето на предметните наставници и можностите на училиштето, ќе се организира додатна настава по следните предмети:

- во одделенска настава ќе се организира додатна настава на ниво на паралелка и тоа:

- IIа ,б - одделение по македонски јазик, математика, - реализтори Ирена Јанковска и Наташа Калајџиеска

-IIIа,б – математика- реализатори Билјана Пулеска и Гордана Цановска

-IVа,б македонски јазик, математика –реализатори Елена Јорданов и Катерина Јаковческа

- Vа,б одделение по математика, македонски јазик и англиски јазика Ирена Богеска, Билјана Билбилоска Тодороска и Јана Бојческа

Во предметна настава ќе се реализира Додатна настава според следниот распоред:

- во VI одделенеие по МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕреализатор Оливера Петкоска,ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК-реализатор Катерина Најдеска

- во VII одделение по ИНФОРМАТИКА –реализатор Дубравка Сершиќ, – ГЕОГРАФИЈА реализатор Зоран Станкоски и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК реализатор Никола Дафинчески.

- воVIII одделение ИСТОРИЈА реализатор Петар Антонов , МАТЕМАТИКА-реализатор Катерина Бошкоска,БИОЛОГИЈА реализатор Маја Попоска

- во IX одделение по АНГЛИСКИ ЈАЗИК- реализатор Марија Мицеска, ФИЗИКА-реализатор Јадранка Китаноска и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК реализатор Снежана Стојаноска.

Активностите ќе се изведуваат на посебни часови, на редовните часови по соодветните предмети и низ проекти. Заради рационализација на времето и за наставниците и за учениците, групите преку свој претставник ќе бидат во постојан контакт со наставниците.Активностите и бројот на ученици кои ќе следат додатна настава ќе бидат евидентирани во посебни обрасци изготвени од страна на БРО.На крајот на учебната година ќе бидат заверени со архивски број кој ќе биде евидентиран во електронските дневници.

## 8.12. ПРОГРАМИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ СО УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ВО УЧИЛИШТЕ, ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ И НАПРЕДУВАЊЕТО ВО УЧЕЊЕТО, ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНАТА КЛИМА ВО УЧИЛИШТЕТО

### П Р О Т О К О Л

за мерки и активности за грижата за физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во ООУ„ Живко Чинго’’ – Велгошти

1. Директорот на ООУ „Живко Чинго’’ е задолжен за спроведување на мерките и активностите за грижата за физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во ООУ„ Живко Чинго’’ и истите ги спроведува во соработка со овластениот работник од органот на државната управа за внатрешните работи.

2. Опфатот на физичкото загрозување, мерките и активностите се однесува на училишната зграда и на опфатот на училишниот двор.

3. За ООУ„ Живко Чинго , овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи е лицето Борче Јовановски.

4. Под видови на загрозувања на физичката безбедност се подразбира:

- пораки добиени на официјалната електронска адреса на ООУ„Живко Чинго’’ кои се со содржина за загрозување на физичката безбедност на учениците и вработените во училиштето

- пратки добиени со редовна пошта, кои не се дел од официјалната комуникација со државните органи, општината, родителите и старателите на учениците

- предмети оставени или лоцирани во училиштето или дворот со непозната содржина или предмети за кои не може да се утврди сопственикот

- забележано присуство на лица кои не се ученици, вработени во училиштето,родители или старатели и овластени лица со легитимација од општината, државните органи и компаниите за обезбедување на училиштето

- неовластено присуство на возила кои не се дел од возниот парк на училиштето, вработените, родителите или старателите, органите на општината и државните органи

- забележано неовластено оштетување на влезовите, надворешноста на училиштето или заштитната ограда на училиштето и

- други видови на нарушување на безбедноста на училиштето

5. По добиени сознанија од точка 3, а во согласност со точка 1 и точка 2 од овој Протокол, Директорот на ООУ„Живко Чинго’’ го превзема следните мерки:

- веднаш го контактира овластениот работник од органот на државната управа за внатрешни работи и заедно со него присуствува додека овластениот работник врши процена на ризик во однос на моменталната ситуација.

- во случај директорот да е отсутен од училиштето поради службени или приватни причини, должен е претходно да овласти лице вработено од стручната служба на ООУ„ Живко Чинго’’ кој во периодот на негово отсусутво ќе може да ги спроведува односно превзема мерките во соработка и координација со овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи.

- место за евакуација на учениците и вработените во ООУ„ Живко Чинго’’ е просторот кој се наоѓа надвор од училиштето и училишниот двор односно просторот пред влезот на училишниот паркинг на ООУ„|Живко Чинго’’ и тоа претставува единствен простор на кој е потребно учениците и вработените да бидат евакуирани.

Евакуацијата се спроведува исклучиво по наредба за евакуација која ја издава овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи ,освен во случај каде поставената експлозивна направа или опасно средство е очигледно.

- во однос на понатамошниот тек за организација на наставата и работата на стручната служба, директорот одлучува во согласност со препораките кои ќе ги добие во тој момент од овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи, а воедно директорот ги следи неговите насоки како и насоките добиени од основачот на училиштето.

За превземените мерки од овој Протокол, директорот на училиштето ги известува градоначалникот на општината, Министерството за образование и наука и органот на државната управа за внатрешните работи.

6. Директорот на ООУ„Живко Чинго’’ ги има превземено следните активности, согласно овој Протокол:

- изготвува неделна листа со дневни дежурни наставници од редот на вработените коi ги спроведуваат активностите по однос на задолжителните мерки кои се превземаат по основ на загрозувањето на физичката безбедност и ја доставува до сите наставници.

- училишниот двор на ООУ„Живко Чинго'' е физички обезбеден со ограда во целосен опфат и истиот ќе биде контролиран во однос на неговата исправност од хаусмајсторот на училиштето.

точките од овој Протокол, согласно кое е назначено за секој закупец посебно одговорно лице, со дадени насоки за евиденција на присутни лица.

- Идни активности: Директорот ќе изготви план за превземање активност во соработка со Општина Охрид , со кој ќе се обезбеди 24 часовен видео надзор како во надворешниот така и во внатрешниот дел од ООУ„ Живко Чинго'' .

7. Директорот на ООУ„Живко Чинго " во соработка со стручната служба на училштето ќе превземе активности за подигнување на свеста на учениците и вработените во училиштето од појавите на физичкото загрозување ,а за истото ќе направи измена на сегашната годишна програма , а процесот ќе се спроведува со органот на државната управа задолжен за внатрешните работи (Одделение за спроведување на обуки)

За превземените активности од овој Протокол, директорот на училиштето ги известува градоначалникот на општината, Министерството за образование и наука и органот на државната управа за внатрешните работи.

# ПРОГРАМА ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПОДРШКА НА НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Надареното дете во своето однесување рано покажува знаци на високи интелектуални способности(лесно учи, помни, има смисла за хумор, ги согледува причините и последиците ) има специфични способности (музички, ликовни,психомоторни) кои можат да му помогнат да се развие во творец.Од забележаните знаци на надареност па до нејзиното манифестирање во продуктивна и креативна форма, обично треба да помине период од 10-15 години исполнет со интензивна воспитно-образовна работа.

Талентирано дете е тоа кое ја изразува интелектуалната надареност во една специфична област за разлика од потенцијалната надареност која се разбира поопшто. Во нашето училиште во рамките на можностите и условите за работа во процесот на откривање и работа со надарени ученици се спроведуваат следните активности:

| Р.БР. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Информирање на наставниците за следење,откривање и пријавување на надарено и талентирано дете во својата паралелка. | Септември | психолог |
| 2. | Пополнување на скала на надареност од страна на наставниците | Октомври | наставници од IV одд. |
| 3. | Примена на тест за утврдување на интелектуалните способности кај учениците пријавени како надарени или талентирани | Октомври | психолог |
| 4. | Повратно информирање на наставниците од страна на психологот за согледувањата од тестирањата | Октомври | психолог |
| 5. | Препораки до родители и наставници за работа со оваа категорија ученици | континуирано | психолог |
| 6. | Работа со надарени и талентирани ученици | Континуирано | наставници, родители |
| 7. | Истакнување на постигнатите резултати на оваа категорија ученици | Континуирано и на крај на учебната година | наставници, директор, психолог |
| 8. | Пофалување и наградување на учениците за постигнатите резултатина натпревари во знаење и спорт и на наградни литературни и ликовни конкурси | Континуирано во текот на годината и на крајот на годината , на денот на доделувањето на свидетелствата | наставници, стручни органи и тела во и надвор од училиште на општинско, регионално и републичко ниво.. |

Со надарените и талентирани ученици наставниците ќе работаат континуирано во текот на учебната година со задавање на задолженија за време на часот ,како и за домашна работа , кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. По можност овие ученици ќе се вклучат во клубови кои функционираат на ниво на општина (ликовни, литературни,драмски клубови, спортски клубови, музичко училиште), а ќе се вклучат и во училишните, општинските, регионалните, републичките и меѓународните натпревари и конкурси на лични творби.

## 8.13. **П Р О Г Р А М А**
## ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО

Програмата за работа со ученици со потешкотии во учењето има за цел навреме да се детектираат учениците кои имаат потешкотии во учењето и да се направи план и стратегија за работа со овие ученици за да можат да напредуваат според сопствените способности.За таа цел во училиштето е формиран тим за инклузија кој го сочинуваат директорката Љубица Ангелоска Кркачоска, психологот Јулијана Аслимоска и наставниците: Снежана Стојаноска,Петар Антонов, и Гордана Цановска , родителите на учениците со потешкотии во учењето.

| СОДРЖИНА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|
| 1.Идентификација на ученици со потешкотии во учењето | Октомври | психолог<br>наставници |
| 2.Соработка со наставниците за одредување форми и методи на работа со оваа категорија ученици | континуирано | психолог<br>наставници |
| 3. Соработка со родители<br>-разговор со родители<br>-советување на родители | континуирано | психолог<br>наставници |
| 4.Примена на психолошки мерни инструменти<br>-Тест за утврдување психолошка зрелост ПОШ<br>-Равенови прогресивни матрици во боја<br>- Вексклерова скала за утврдување на интелектуални способности | Според пројавените потреби во текот на работата со оваа категорија ученици | психолог,<br>наставници |
| 5.Испитување на моториката на учениците, детектирање на латералност,појава на дислексија и дизграфија кај учениcие со потешкотии во учењето | Во текот на учебната година во договор и соработка со наставниците | психолог<br>наставници |
| 6. Вклопување на учениците во редовната настава, соработка со наставниците и родителите | Септември-октомври | директор<br>наставници<br>психолог, родители |
| 7.Социјализација на учениците, мотивација на наставниот кадар и учениците | континуирано | наставници |
| 8.Едукација на наставен кадар и родители за примена на соодветни форми и методи на работа со учениците со потешкотии во учењето. | континуирано | психолог |
| 9. Соработка со надлежни институции | По потреба | Медицински центар, Центар за социјална работа . |

# План на активности за работа на инклузивниот тим со деца со посебни образовни потреби

| Задача | Активност | Време | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Да ги идентификуваме децата со ПОП | Опсервација и разговори со децата со ПОП | Септември-Октомври | Инклузивен тим | Навремено идентификувани децата со ПОП | Инклузивен тим |
| Да ги упатиме децата во Завод за ментално здравје и обезбедување наод и мислење | Доставување писмено барање до родителите за обезбедување на наод и мислење од ЗМЗ | Мај-Јуни | Инклузивен тим Стручен тим од З.М.З | Навремено добиена медицинска белешка (потврда) за децата со ПОП | Инклузивен тим |
| Да ги процениме способностите на децата со ПОП | Опсервација, разговори и тестирање на децата со ПОП | Јуни-Август | Инклузивен тим Специјализирани лица од други институции | Навремено проценети способностите и слабостите на децата со ПОП | Инклузивен тим |
| Да разговараме со родителите со децата со ПОП | Разговор си децата со ПОП | Август - Септември | Инклузивен тим | Поддршка на родителите на децате со ПОП | Инклузивен тим |
| Да им дадеме инструкции на наставниците за карактеристиките на учениците со ПОП кои се запишани во оваа учебна година | Инструктивна работа преку разговор, прирачници | Септември-Октомври | Инклузивен тим | Навремено и соодветно упатување на наставниците,запознавање со потребите и карактеристиките на децата со ПОП | Инклузивен тим |
| Да ги процениме способностите на учениците со ПОП со цел да изработиме ИОП | Опсервација, следење, разговори | Септември-Октомври | Наставници Инклузивен тим Родители | Навремено проценување на способностите на децата со ПОП со цел да се подготви и изработи ИОП | Инклузивен тим |
| Да изградиме стратегии за учење со примена на диференциран пристап | Работилници за обука на наставниците за примена на диференциран пристап | Октомври | Инклузивен тим Наставници | Формирање на соодветни стратегии за учење кај децата со ПОП кои ќе бидат применети на диференциран начин | Инклузивен тим Наставници |
| Да направиме ревизија на ИОП | Направен увид во реалзицација на целите од ИОП | Ноември | Инклузивен тим Наставници | Целите кои се планирани со ИОП реално да се остварени | Инклузивен тим Наставници |
| Да ги процениме ефектите на ИОП-оценување (микро сумативна описна оценка) | Примена на соодветни искази во описот на постигањата на учениците со ПОП | Декември-Јануари | Инклузивен тим Наставници | Објективна проценка на напредокот во учењето на ПОП | Инклузивен тим Наставници |
| Да изработиме ИОП за II полугодие | Изработување на ИОП за II полугодие | Февруари | Инклузивен тим Наставници Родители Стручни лица | Остварување на предвидените цели со ИОП | Инклузивен тим Наставници |
| Да ги следиме децата со ПОП и инструктивни работилници со наставници и родители | Следење, разговори и работилници | Март | Инклузивен тим Специјализирани лица | Напредок во учењето и реален пристап и адекватна помош од страна на родителите | Инклузивен тим Специјализирани лица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да направиме ревизија на ИОП | Направен увид во реалзицација на целите од ИОП | Мај-Јуни | Инклузивен тим Наставници Родители | Целите кои се планирани со ИОП реално да се остварени | Инклузивен тим Наставници |
| Да ги процениме ефектите од севкупните работи | Евалуација на работата на инклузивниот тим | Јуни | Инклузивен тим | Дефинирање на следните чекори и активности на инклузивниот тим | Инклузивен тим |

**ПРОГРАМА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

| АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|
| Детектирање на асоцијално однесување | наставници |
| Разговори и советување на ученици кои манифестираат асоцијално однесување | директор наставници психолог |
| Разговори и советување на родители на ученици кои манифестираат асоцијално однесување | директор наставници психолог |
| Давање насоки на наставен кадар и родители за пристап кон ученици манифестираат асоцијално однесување | директор психолог |
| Еукацијазамеѓусебнатолеранција : РаботилницасоучеництеодVодделение„Ненасилноразрешувањенаконфликти“ | психолог |

При реализација на програмите како врвна цел се наведува намалување на насилството, болестите на зависност и асоцијалното однесување.Одговорни лица за реализација се одделенските раководители, психологот и директорот.Како еден од врвните приоритети на училиштето е подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

## 8.14 и 8.15.Туторска подршка и образовен медијатор

Во нашето училиште нема ученици кои следат настава според индувидуална образовна програма. Има мал број ученици со потешкотии во учењето кои ја следат редовната настава и добиваат индувидуална помош и подршка од одделенските или предметните наставници. Заради тоа во нашето училиште нема вработено лице тутор и образовен медијатор, бидејќи сите ученици кои припаѓаат на нашиот реон се опфатени во образовниот процес.Туторска подршка повремено добиваат послабите ученици од свои врсници од паралелката кои се посолидни по успех, но секогаш кога за тоа постои интерес и желба кај учениците кои послабо напредуваат во учењето.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставната воспитно - образовна дејност во училиштето се организира со цел да се задоволат посебните интереси и склоности на учениците од одредени научни области, да се воспостави подобра соработка со родителите и локалната средина, како и да се афирмира училиштето во локалната средина и пошироко. Ова подрачје од дејноста на училиштето има широка основа во поглед на неговата содржина и богатството на форми и начини на вклучување и ангажирање на учениците од сите возрасти во училиштето. Според тоа добро организираната воннаставна активност во училиштето има суштинско место во воспитно - образовниот процес.

Во текот на оваа учебна година ќе се организираат и реализираат разновидни воннаставни дејности и активности, а на крајот на учебната година ученикот ќе добие додаток на свидетелство во кое ќе се оцени неговата ангажираност во воннаставните активности.

Воннаставните активности ќе се водат од следните принципи:

-Придонес за когнитивниот , социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците
-Инклузивност и недискриминативност
-Привлечност за повеќето ученици
-Активно учество на учениците
-Развој на интеркултурни компетенции кај учениците
-Соработка со родителите и локалната заедница

## 9.1.СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Слободните ученички активности имаат за цел да ги задоволат посебните интереси и афинитети на учениците од одредени научни области. Тие му овозможуваат на учениците да ја изразат својата креативност и да стекнат нови информации со кои ќе го збогатат своето знаење.

Секоја секција ќе работи по своја сопствена програма, што ја изготвува одговорниот наставник во соработка со члeновите на секцијата. Активностите на секциите ќе се реализираат во времето меѓу смените. Изборот на ученици членови по секции се врши по пат на анкета.

Во предметна настава ќе функционираат следниве слободни ученички активности:

| I. СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА | | |
|---|---|---|
| ***Ред.бр.*** | ***Секција*** | ***Одговорен наставник*** |
| 1. | Математичка | Катерина Бошкоска |
| 2. | Литературна секција | Никола Дафинчески |
| 3. | Клуб за кодирање-младиинформатичари | Дубравка Сершиќ |
| 4. | Историчари-истражувачи на минатото | Петар Антонов |
| 5. | Биолошко-хемиска секција | Маја Попоска |
| 6. | Географска секција | Зоран Станкоски |
| 7. | Секција за германски јазик | Катерина Најдеска |

| II. Културно-уметничкии спортски слободни активности | | |
|---|---|---|
| ***Ред.бр*** | ***Секција*** | ***Одговорен наставник*** |
| 1. | Рецитаторско-драмска | Снежана Стојаноска |
| 2. | Ликовна | Жанета Стаиќ Митрески |
| 3. | Спортски клуб | Никола Вретоски |
| 4. | Хор | Оливера Петкоска |

| III. Слободни-технички активности | | |
|---|---|---|
| ***Ред.бр*** | ***Секција*** | ***Одговорен наставник*** |
| 1. | Клуб на сообраќајни техничари | Марина Мартиноски |

| IV. Други слободни активности | | |
|---|---|---|
| ***Ред.бр*** | ***Секција*** | ***Одговорен наставник*** |
| 1. | Млади екологисти | Марија Мицеска |

## 9.2.**Акции во училиштето и локалната заедница**

Ќе се реализираат чести акции за уредување на дворот и наводнување на засадените дрвца и цвеќиња, а активности од еколошки карактер ќе се реализираат и на 21 Март денот на екологијата. Ќе се организираат и собирни акции на прехрамбени продукти по повод одбележувањето на „Денот на гладните лица“-16 Октомври, собирни акции на парични средстава за донации за лекување на заболени деца  или за помош на деца од социјално ранлива категорија и др.Ликовната секција и одговорниот наставник ќе работаат на доуредување на потпорниот ѕид во училишниот двор со цртежи со што ќе се комплетира неговиот колоритен изглед. Ќе се реализираат и  други акции кои ќе произлезат во текот на годината, а најчесто се од еколошки или хуманитарен карактер.

# 10.УЧЕНИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ

## ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Учениците во нашето училиште се организирани во своја организација т.н. ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА, со цел запознавање на учениците со своите права и обврски, меѓусебно другарување и негување на чувството на толеранција, заедничка грижа за културно - забавниот живот во училиштето, негување на заедничката игра, како и соработка со децата од други: училишта, градови и држави.

Оваа организација ќе работи под раководство на одговорен наставник Ирена Богескапо своја програма за работа, што е составен дел од годишната програма за работа на училиштето.

### Операционализација на активностите

**Септември**

1. Свечен прием на учениците од прво одделение со пригодна програма.
2. Донесување програма за работа во тековната учебна година
3. Пригодни активности по повод 8-ми Септември
4. Избор на раководство за новата учебна година.

**Октомври**

1. Прием на децата од Іодд. во Детската организација (подготовки и приредба).
2. Одбележување на 5-ти Октомври, Денот на учителот.
3. Учество во подготовките за одбележување на 11-ти Октомври
4. "Кои се моите права и обврски"- Потсетување на учениците кои се нивните права и обврски како ученици во ова училиште, почитување на кодексот на однесување во училиштето.

**Ноември**

1. Активности за одбележување на Месецот на книгата од 15.10 до 15.11;
2 .Сообраќајно воспитние предавања за учениците.
3. 19 Ноември Светски ден за превенција од злоупотреба на децата и Првата детска амбасада во светот
4. Работилница „Толеранција и взаемно почитување- ненасилно разрешување на конфликти“ (со учениците од Vодделение) – реализатор- психолог.

**Декември**

1. Организација на Новогодишен базар
2. Заеднички подготовки за дочекот на Новата година (украсување на училниците, заедничка приредба)Училишен конкурс за најкреативна новогодишна честитка

**Февруари**

1. Изгледот на ученикот на училиште, грижа за пристоен изглед(облека, обувки, фризура).
2. Опасности по здравјето на децата поради користење на тутун, алкохол и дрога – превентивно делување.
3. Издигнување на еколошката свест кај учениците – препораки за чување на животната средина како дел од ЕКО проектот.

4. Учество во подготовките за одбележување на 8-ми Март – организирање на работилници за изработка на осмо мартовски честитки.

**Март**
1. Пригодни активности по повод 8-ми Март.
2. Учество на учениците во прославата на денот на училиштето 20-ти Март.
3. Одбележување на 21-ви Март, Денот на пролетта и екологијата.(еколошки активности)
4. Изработка на ликовни творби на тема „Пролет“ – уредување изложба во училишните холови

**Април**

1. Одбележување на 1-ви Април, Денот на шегата
2. Организирање меѓуодделенски спортски натпревари.
3. Активности по повод Велигденските празници.
4. Одбележување на 22-ри Април, Денот на планетата Земја.

**Мај**

1. Како треба да постапуваат учениците кога се на екскурзии, посети и излети.
2. Ликот и делото на „Гоце Делчев “
3. Предавање: „Кирил и Методиј – словенски просветители“.
4. Меѓуодделенски натпревари – пролетен крос.

**Јуни**
1. Соопштенија на резултати од натпреварите во знаење и спорт одржани на ниво на училиште, регион, држава.
2. Извештај за работата на Детската организација.

## ПРОГРАМА ЗА ПОДМЛАДОКОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Подмладокот на Црвениот крст како организација од ученици има за цел да го подобри нивото на здравствена култура кај нив и родителите, да негува чувство на солидарност и заемна помош, да развива свест за пријателство, разбирање и соработка, како и помош во ублажување последици од елементарни непогоди и војни.

Во своите рамки програмата на ПЦК содржи и други активности со приоритет на предавање, поуки и советувања со здравствено - воспитна цел за ученици и родители.

